| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Боите на есента |
| **Содржина на денот** | Жолти лисја |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно однесување и надминување на лошите навики(чепкање нос, ставање прсти во уста, грицкање нокти и сл.). |
| **Активности** | 1. Апликација од хартија во боја – Жолти лисја<br>Зедно со детето се организира набљудување на дрво со жолти лисја во природата или на слика. Потоа се разговара за жолтата боја и детето ја пронаоѓа и ја препознава во непосредното опкружување (на облеката, мебелот и сл.).<br>Од хартија во боја се подготвуваат исечени форми на лисја со жолта и црвена боја. Детето ги пронаоѓа и ги собира жолтите лисја и ги лепи на однапред подготвена апликација од дрво на хамер. На крај изработката може да се изложи на одредено место во просторот. |